Врз основа на член 23 став (1) точка 2 алинеја 1 од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година и бр.01-374/6 од 19 март 2019 година и член 23 став (7) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/19 и 93/21) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 септември 2022 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВЛАСТЕНА ТАРИФА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, УП1 бр. 08-68/14 од 29 мај 2014 година, (“Службен весник на Република Македонија“, бр.87/14), издадена на Друштвото за производство и трговија ЈОАН СОЛАР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Дренак бр.30, Скопје, за фотонапонската електроцентрала “Сончева електроцентрала 1745/3”.
2. Оваа одлука се доставува до Друштвото за производство и трговија ЈОАН СОЛАР ДООЕЛ Скопје, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“, и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 17 септември 2022 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство и трговија ЈОАН СОЛАР ДООЕЛ Скопје, е носител на Решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр. 08-67/14 од 29 мај 2014 година, (“Службен весник на Република Македонија“, бр.87/14) и Одлука за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, УП1 бр. 08-68/14 од 29 мај 2014 година, (“Службен весник на Република Македонија“, бр.87/14).

Друштвото за производство и трговија ЈОАН СОЛАР ДООЕЛ Скопје, преку Адвокат Љупчо Јанковски, на 30 август 2022 година, до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Барање за престанок на статус повластен производител УП1 08-67/14, со кое бара да се донесе Решение за престанок на решението за стекнување на статус на повластен производител и Одлука за престанок на одлуката за користење на повластена тарифа на електрична енергија. Во прилог на барањето Друштвото приложил Барање за раскинување на Договор за откуп на електрична енергија произведена од повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија бр.02-3875 од 17 јуни 2014 година и Анекс бр.1 на Договорот за откуп на електрична енергија бр. 10-139/1 од 24

октомври 2019 година, доставено до Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: МЕМО ДООЕЛ Скопје).

Друштвото, на 2 септември 2022 година, до Регулаторна комисија за енергетика достави Известување бр.10-3129/2 од 1 септември 2022 година донесено од МЕМО ДООЕЛ Скопје.

МЕМО ДООЕЛ Скопје на 2 септември 2022 година, до Регулаторна комисија за енергетика достави Известување бр. 10-3129/2 од 1 септември 2022 година, со кое известува дека на ден 31 август 2022 година Адвокат Љупчо Јанковски со полномошно од страна на повластениот производител Друштвото за производство и трговија ЈОАН СОЛАР ДООЕЛ Скопје до МЕМО ДООЕЛ Скопје доставил Барање за раскинување на Договор за откуп на електрична енергија произведена од повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија заведен во архивата на АД МЕПСО Скопје бр.02-3875 од 17 јуни 2014 година и Анекс бр.1 на Договор за откуп на електрична енергија заведен во архивата на МЕМО ДООЕЛ Скопје, под бр.10-139/1 од 24 октомври 2019 година, со кое еднострано го раскинува Договорот согласно член 193 став 5 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), член 29 став 3 од Правилата за пазар на електрична енергија и член 19 од Договорот. Во известувањето е наведено дека во барањето за еднострано раскинување на договорот не е наведен датумот на престанок на важење на Договорот, со што важењето на договорот ќе престане со датумот на одземање на статусот на повластен производител од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

На 6 септември 2022 година, Друштвото за производство и трговија ЈОАН СОЛАР ДООЕЛ Скопје, до Регулаторна комисија за енергетика достави дополна на Барање за престанок на статус на повластен производител од 30 август 2022 година, со кое известува дека има отпочнато постапка пред операторот на пазар на електрична енергија за раскинување на Договорот, со дополнително барање доставено до МЕМО ДООЕЛ Скопје на 5 септември 2022 година, со кое се бара Договорот за откуп на електрична енергија произведена од повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија да биде раскинат со датум 16 септември 2022 година. Во прилог на дополнително доставеното барање, Друштвото го приложил Барањето доставено до МЕМО ДООЕЛ Скопје, со кое барат Договорот за откуп на електрична енергија да биде раскинат на 16 септември 2022 година.

На 13 септември 2022 година, МЕМО ДООЕЛ Скопје достави до Регулатрона комисија за енергетика Дополна на известување бр.10-3129/1 од 31 август 2022 година, за Барање за раскинување на Договор за откуп на електрична енергија произведена од повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија заведен во архивата на АД МЕПСО Скопје бр.02-3875 од 17 јуни 2014 година и Анекс бр.1 на Договор за откуп на електрична енергија заведен во архивата на МЕМО ДООЕЛ Скопје, под бр.10-139/1 од 24 октомври 2019 година, со кое известува дека повластениот производител ЈОАН СОЛАР ДООЕЛ Скопје, еднострано го раскинува Договорот за откуп на електрична енергија согласно член 193 став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), член 29 став (3) од Правилата за пазар на електрична енергија и член 19 од Договорот, заклучно со 16 септември 2022 година во 24:00 часот.

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа донесе Решение бр.02-2216/2 од 15 септември 2022 година, со кое одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Согласно член 23 став (1) точка 4 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа Регулаторната комисија за енергетика отпочнува постапка за

одземање на статусот на повластен производител ако повластениот производител го раскине договорот за откуп на електрична енергија по повластени тарифи склучен со Операторот на пазар на електрична енергија.

Согласно член 23 став (7) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа Регулаторната комисија за енергетика донесува решение за престанок на решението за стекнување на статус на повластен производител и одлука за престанок на одлуката за користење на повластена тарифа на електрична енергија.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 08-68/14**
**15 септември 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**